**ИНФОРМАТОР бр. 10 Септември и Октомври2002**

**Прва детска амбасада во светот-Меѓаши**
Република Македонија - Ул. Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефон: (389-2) 465-316
Факс/телефон: (389-2) 463-900
E-mail: embassy@megjashi.org.mk Website: www.megjashi.org.mk

**Во овој број:**

1. Детска Недела
2. Денови на доживотно учење
3. Детски работилници
4. СОС телефон (02/465-316)
5. Проектот Децата и нивните права
6. Издавање на Билтен 2001
7. Семејствата во нашето прифатилиште
8. Учество на меѓународни конференции/обуки
9. Застапување
10. Чоколади за децата без родители
11. НВО Саем
12. Довидување

## 1. Детска Недела

Од 7 до 13 октомври беше Детската недела. Обучени фацилитатори за Детски права одржаа работилници во детските градинки "Весели Цветови". Фацилитаторите беа од Детската амбасада и од нашите партнерски организации Здружението за права на детето и ХО Мир.
Во текот на Детската Недела, ја дистрибуиравме и брошурата "Моите права" на децата во основните училишта. Многу деца заедно со нивните учители, кои сакаа да дознаат нешто повеќе за своите права и нивната заштита, ја посетија нашата Амбасада.

## 2. Денови на доживотно учење

Германската Асоцијација Конрад Аденауер ИИЗ/ДВВ од 17 до 19 октомври во Дом на АРМ организираа Денови на доживотно учење, на кој учествуваше и Меѓаши. Организиравме трибина за Неформалното образование низ детските работилници. Децата и волонтерите зборуваа за нивните искуства и импресии. Нашата работа на лице место ја презентираа децата од ликовната работилница кои боеја и моделира со глина. На овој хепенинг имавме и штанд каде ги иложивме брошурите, оригамите, фигурите од глина и многуте фотографии.

**3. Детски работилници**
Од 15 септември Детските работилници повторно почнаа со работа. Секој ден се одржуваат по две работилници по англиски, германски и француски јазик, компјутери екологија ликовно и математика. Новина се работилниците по албански јазик за нашите волонтери и филателија во соработка со Сојузот на филателисти на Македонија. Во работилниците севклучени 12 волонтери и 120 деца членови на Амбасадата.

**4. СОС телефон (02/465-316)**
Во 1993 година Првата детска амбасада во светот-Меѓаши ја основа првата СОС телефонска линија. Низ годините со учество на стотина волонтери, социјални работници, психолози и педагози им помогнавме на повеќе од 14.000 деца. После паузата од три месеци, повторно работиме секој работен ден од 16.00 до 20.00 часот-период во кој можат да ни се јават на нашиот контакт телефон 02/465-316. Кординатор на СОС телефонот е нашиот волонтер Флоријан Наумов.

**5. Проектот Децата и нивните права**
Овој проект е мотивиран од членовите на Сојузот на невладини организации за детски права во Македонија со цел да се направат вистинските чекори во промоцијата и имплементацијата на детските права во Македонија. Составен е од две компоненти:

- Првата, едукациско-информативна (обука на 20 претставници на НВО-и за детски права)
- Втората, активна компонента (работилници за детски права)

Проектот Децата и нивните права е успешно реализиран. Обучивме 9 фацилитатори и ја издадовме втората едиција на брошурата "Моите права". Досега одржавме 70 работилници за детски права. Брошурата "Моите права" во 3.000 примероци, ја дистрибуиравме бесплатно во многу основни училишта во Македонија, во соработка со членовите на Сојузот на НВО-и за детски права.
Проектот беше финаниран од ИТЗ-Институт за Трајни заедници.

**6. Издавање на Билтен 2001**
Во 1993, 94, 95, 96, 97 година Првата детска амбасада во светот-Меѓаши издаваше Годишен извештај насловен "Ние сме иднината". За прв пат покрај извештајот за активностите во 2001 година издадовме и финансиски извештај за минатата година. Печатењето беше финансирано од МЦМС-Македонскиот центар за меѓународна соработка. Подготовката и дизајнот се на нашиот волонтер Митко

Ѓорѓиев. Годишниот извештај беше дистрибуиран на НВО Саемот и испратен до Министерствата на Владата на Република Македонија.

**7. Семејствата во нашето прифатилиште**

На 5 октомври го добивме третото Меѓаши бебе кое се вика Никола. Целато наше семејство беше пресреќно - персоналот, волонтерите, раселените семејства, а посебно неговите родители и постарото братче.

Учениците во нашето прифатилиште за деца во кризна состојба, добија учебници и школски прибор од УНИЦЕФ. Добивме и други донации од Алекс Пром, Пилко, Нелтко, S&T, Ротари Клубот-Јуниор.

Ви Благодариме за Вашата помош!

Да им се помогне на раселените семејства, кои се сеуште во нашето прифатилиште е величевствено и благородно. Со промената на Владата искрено се надеваме дека ќе биде изнајдена посоодветна солуција за нивното понатамошно сместување.

Раселените семејства се во нашето прифатилиште од 15 јуни 2001 година.

**8. Учество на меѓународни конференции/обуки**

Од 27 до 29 септември нашиот Извршен Директор и соосновач, Драги Змијанаци и нашиот волонтер од правната служба, Билјана Стојановска беа на обука за Застапување и лобирање. Обуката беше организирана од ИТЗ-Институт за Трајни заедници во Струмица.

Техничкиот секретар, Тасева Славица и волонтерката, Дамјанова Елена, учевствуваа на Контакт УНЕСКО семинарот во Оломоук, Чешка од 25 септември до 1 октомври.

Извршниот Директор, Драги Змијанац и волонтерката, Елена Дамјанова беа на Обука за самофинансирање од 25 до 27 октомври во организација на Балканската Фондација за деца и млади.

Гордана Змијанац, нашата Програм Менаџерка, учествуваше на Обука за Обучувачи за ненасилна акција организирана од Центарот за ненасилна акција од Сараево и Белград.

**9. Застапување**

Изминативе два месеца многу луѓе побараа помош од нас. На некои им помогнавме веднаш со советување, материјални добра или телефонски повик на вистинското место. Сите овие услуги се без надокнада. Во двете наши служби, правната и социјалната работат нашите волонтери: Билјана, Селена, Марија и Александра.

**10. Чоколади за децата без родители**
На 30 октомври Првата детска амбасада во светот-Меѓаши доби донација од 1.207 чоколади МИЛКА Цхоцо Рисе (250гр) и 1.440 чоколади Фигаро Том & Јеррѕ (25гр) од производителот КРАФТ и дистрибутерот НЕЛТКО. Оваа донација беше поделена на децата во нашето прифатилиште за деца во кризна состојба, на децата од Детските Домови "11 Октомври"; "25 Мај" и "Ранка Милановиќ"; Шелтер центарот за жени и деца-жртви на насилство и на децата во Здружението на самохрани мајки-ДИКА.

**11. НВО Саем**
Втор пат годинава од 29 октомври до 1 ноември МЦМС-Македонски Центар за меѓународна соработка, ИТЗ-Институт за Трајни заедници, Фондацијата Институт Отворено општество Македонија и Католичките служби за помош организираа НВО Саем-Форум на Цивилното општество во Македонија на кој учествувавме и ние. Ова е место каде што успешно може да ја претставиме нашата работа и активности во изминатиот период. Место каде може да се видат другите организации, нови и стари, да се најде заенички интерес или соработува. Ова е исто пригода да се научи нешто ново за светските движења во НВО секторот и можеби да се искористат нивните искуства во понатамошната работа.
Во рамките на Крос-секторскиот панел нашиот Извршен Директор, Драги Змијанац беше воведничар на темата "Општествено одговорни претприемачи и етички инвестиции", заедно со Директорот на Фондацијата Мобимак, Јован Петрески, градоначалникот на Скопје, Ристо Пенов, Бети Јовановиќ и Сашо Клековски од МЦМС-Македонски Центар за меѓународна соработка.

**12. Довидување**
На почетокот на октомври после една година се збогувавме со Ања Клоб, волонтерката од КУРВЕ Њудстроњ од Германија. Таа придонесе многу со нејзината работа на прифатилиштето за деца во кризна состојба во Првата детска амбасада-Меѓаши.
Многу и благодариме за нејзиното ангажирање.

Со најтопли поздрави, тимот на Првата детска амбасада-Меѓаши.